Мисија на Христоделфијаните за Библијата

**Д О П И С Е Н   К У Р С**

Лекција 9

## УЧЕЊЕТО ЗА ЃАВОЛОТ СПОРЕД БИБЛИЈАТА

На широко се верува дека ѓавол, или Сатан, е надприроден, бесмртен Принц на Злото, ангел истеран надвор од небесата, затоа што се побунил против Семоќниот Бог. Има ѓавол, се разбира, затоа што зборот многу често се среќава во Библијата; но ваквото сфаќање не се учи таму, и всушност води до сите видови на проблеми.

На пример, читаме во Евреите дека Исус *"ја споделувал нашата човечка природа така што со својата смрт тој може да го уништи него кој ја има моќта над смртта, а тоа е, ѓаволот . . . "* (Евреите 2:14). Па прашуваме: Како смртта од Исус можела, во слабоста на крстот, да го донесе до смрт ова надприродно суштество? Во секој случај, според прифатеното верување, ѓаволот не бил всушност уништен, туку сеуште е многу активен!

Повторно, според Лука 20:36, ангелите никогаш не умираат. Ако ѓаволот е ангел, како може тој да биде уништен?

Всушност е невозможно од Библијата да се создаде нешто што би наликувало на постојан запис од историјата за ѓавол, или Сатан. Се тврди дека тој што ја искушувал Ева во градината Едем бил Ѓаволот во форма на змија, ова би требало да се случува по неговото отфрлање од небесата. Но во книгата на Јов, која се однесува на настани потоа, Сатаната е најден помеѓу тие (Евреите ´синовите од Господ´, а не ´ангелите´ ) кои се претставуваат себе си пред Господ, и зборуваат директно со Бог! (Јов 1:6,7). Во овие почетни глави од книгата на Јов, ´Сатан´ не е бунтовник; напротив, туку се гледа дека работи со Бог (1:12, 2:6). Не ни́ е намерата во овој момент да ги проучуваме овие глави во детали, но само да покажеме дека прифатената идеа за ѓаволот не е во согласнот со тоа што го кажува Библијата. Библијата всушност не дава никакви податоци за потеклото на овој т.н. ´отфрлен ангел´.

### Сатан - противник

И покрај тоа што во Новиот Завет и двата збора ´ѓавол´ и ´Сатан´ ги среќаваме, во Стариот Завет читаме само за ´Сатана´. На еврејски ´Сатан´ значи ´противник´, а тоа е, лице кое делува против некое друго, или е непријател. Во оваа смисла ученикот Петар бил ´Сатан´ во една прилика, затоа што тој зборувал против вољата од Бог кога го искритикувал Исус затоа што рекол дека мора да оди во Ерусалим за да страда и биде убиен, а тогаш неговиот Господ (Исус) одговорил: *"Тргни ми се од пред очи, **Сатано**! Ти си каменот на сопнување за мене; **ти ги немаш во твоите мисли нештата од Бог, туку нештата човечки**"* (Матеј 16:23). Петар гледал на нештата од гледна точка на луѓето, и ова ги нагласува зборовите од Павле, ". . .*грешните мисли* (на грчки:´мисли од месото´, човечката природа) *не се мили од Бог. Не се препуштаат на законот од Бог, ниту пак го спроведуваат"* (Римјаните 8:6)

## Ѓаволот - лажен обвинител

Зборот ´ѓавол´ (на грчки: ´диаболос´) го има основното значење на зборот ´лажен обвинител´, а тоа е, некој кој изнесува погрешни и злонамерни обвинувања, и на пример е употребен во таа смисла од Павле. *". . . нивните сопруги треба да бидат жени вредни за почит, а не злонамерни озборувачки* (на грчки: ´диаболос´) . . ." (1Тимотеј 3:11). Во градината Едем Бог рекол дека ако Адам и Ева јадат од дрвото на знаењето за доброто и злото, дека тие ќе умрат. Змијата ѝ рекла на Ева, *"Со сигурност нема да умрете"* (Битие 3:4), на тој начин правејќи го Бог лажго. Заради ова змијата била ѓавол, некој кој обвинува лажно.

Во пасусот во писмото до Евреите кое веќе го цитиравме, за ѓаволот се зборува како за некој кој "ја има моќта на смртта". Во писмото од Јаков наоѓаме дека оваа моќ е поврзана со **грев**:

*". . . секој еден е **искушуван** кога **од својата лоша желба** е обземен и убеден да го стори тоа. Тогаш, откако желбата се зачнала, таа доведува до грев; а **гревот**, кога ќе созрее потполно, **ја раѓа смртта.**"* (Јаков 1:14,15)

Од ова, две работи се јасни: а) искушението доаѓа од внатре, а не од некое надприродно суштество; б) гревот од човекот ја има моќта на смртта, а нашата човечка природа е ѓавол и Сатан, затоа што секогаш се стреми да делува против вољата од Господ.

## Примери за ѓаволи

Веќе видовме дека змијата во Едем била ´ѓавол´ - кажувала нешто што не било вистина. И ја има моќта на говорот, која Бог може да ја даде на било кое од своите суштества, на пример на магаре, како што е во Броевите 22:28 и 2Петар 2:16. За да го објасниме искушението во Едем немаме потреба од надприроден ѓавол, кој бил или во змијата или стоел зад неа и ја контролирал. Змијата сама по себе била виновна за делото на искушението, **и била соодветно казнета**: *"Затоа што го направи ова, проклета да си меѓу сите животни . . ."* (Постанок 3:14). Змијата, а не некој невидлив ѓавол, била одговорна за сето тоа. Во целиот пасус не се споменува ѓавол, туку дека мажот и жената, и двајцата згрешиле преку непослушноста и заради тој грев на крај биле казнети со смрт.

Еден очигледен пример на човек кој бил ѓавол е Јуда Искариот: На Последната Вечера Исус рекол,

*"Зарем јас не ве одбрав вас Дванаесет? Сепак еден од вас е ѓавол!" Тој мислел на Јуда синот од Симон Искариот, кој, и покрај тоа што бил еден од дванаесеттемина, подоцна ќе го предаде него.* (Јован 6:70,71)

Забележете дека Исус не рекол дека ѓаволот бил во Јуда; Јуда самиот **бил** ѓавол.

"Ѓавол" всушност е фигура на изразување, метафора, и е симбол за грев во сите негови форми, дали кај поединец или кај група на луѓе, за сите оние кои се стремат да работат против вољата од Бог. Како што можевме да видиме до сега, во целата вселена Бог има само еден непријател, а тоа е човечката природа, и сите оние нешта низ кои се искажува. Стремежот кај секој човек да искажува непослушност кон заповедите од Бог е единствениот ´ѓавол´, и ова е тоа кое Исус го надмина и уништи со својата постојана послушност кон вољата од неговиот Татко (Евреите 2:14).

## Сликовит јазик

Библијата често користи сликовит јазик за да го направи своето учење поефективно и позабележително. На пример, откако Каин го убил Авел, Бог му рекол, *"Крвта на твојот брат вика по мене од земјата"* (Постанок 4:10). На друго место, гревот е прикажан како цар кој владее над сите кои не го прифаќаат Исус како нивни Спасител:

*"Затоа не дозволувајте гревот да* ***владее*** *во вашето смртно тело и на тој начин да ги извршувате неговите лоши посакувања . . . За гревот да не биде ваш* ***господар*** *. . .Туку бидете му благодарни на Бог кој, и покрај тоа што му бевте* ***робови*** *на гревот, вие со полно срце му постанавте послушни на учењето кое ви беше доверено . . .Затоа што наградата за грев е смрт."* (Римјаните 6:12,14,17,23).

Како што кажавме, човечките организации кои не се управувани според принципи од Бог може да се каже дека се ѓаволски или Сатански. На верниците во Смирна, Господ Исус им го дал следниов совет како охрабрување: *"Не плашете се од тоа од кое што треба да страдате. Ви велам ѓаволот(без сомневање се мисли на цивилните власти) ќе затвори некои од вас за да ве стави на тест."* (Откровение 2:10).

На тие во Пергамос им рекол, *"Јас знам каде вие живеете - каде што Сатаната го има својот престол."* (Откровение 2:13).

Би било апсурдно да се помисли дека надприродно суштество всушност владеело во Пергамос; објаснувањето е дака Пергамос бил центар на паганската религија, која ги прогонувала Христијаните.

## Заклучок

Библијата ги користи изразите "ѓавол" и "Сатан" за да ги опише оние човечки посакувања, дејствија и организации кои се против вољата од Бог.

Господ Исус Христос, кој ја споделувал нашата природа и бил искушуван на сите начини како што и ние сме искушувани, го уништил ѓаволот со својот безгрешен живот. Гревот кој не е признаен и простен неизбежно води во вечна смрт, но преку Исус го имаме ветувањето за прошка и можноста за спас од смрт.

## Прашања

9.1 Од каде доаѓа искушението ?

9.2 Луѓето обично веруваат дека злото е предизвикано од бесмртен ѓавол. Како вие го разбирате Исаија 45:7?